# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 3 година XXXIX



Септември 2026 г.

*СОДРЖИНА*

2 страна - **Социјалниот клуб за лица со интелектуална попреченост на РЦПЛИП – ПОРАКА во Демир Хисар повторно започна со работа**

3 страна - **Деинституционализацијата како приоритет за човекови права и еднаквост**

4 и 5 страна - **Забелешки на РЦПЛИП - ПОРАКА во однос на Правилникот за давање на социјалните услуги на дневен престој**

6 - 9 страна - **Втора фаза од Стратегијата за правата на лицата со попреченост 2021 - 2030**

10 - 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА**

16 страна - **Наша страница Активности во едукативниот и танцов центар „Телосфера“**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Септември 2026 г. Број 3, год. XXXIX**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креатив ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

**Подготовката, печатењето и дистрибуцијата на гласилото „ПОРАКА“ е финансиски поддржано од Министерството за социјална политика, демографија и млади**

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Социјалниот клуб за лица со интелектуална попреченост на РЦПЛИП – ПОРАКА во Демир Хисар повторно започна со работа

Една од основните цели на РЦПЛИП – ПОРАКА е обезбедување директна и квалитетна поддршка на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства преку развивање и одржување на социјални сервисни служби во местото на живеење.

Оттука, основен приоритет на РЦПЛИП – ПОРАКА претставува одржливоста на мрежата на сервисни служби, како и континуирано адаптирање и унапредување на нивните програми. Дополнително, доколку се создадат услови, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да дејствува во насока на развој и воспоставување на нови социјални сервисни служби за поддршка на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во местото на живеење.

Во таа насока, изминатиот период, тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА успешно ја реализираше иницијативата покрената од семејства на лица со интелектуална попреченост за реактивирање на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Демир Хисар. За повторно започнување со работа на социјалниот клуб, тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА реализираше низа активности за идентификување и ангажирање на професионално лице кое ќе биде одговорно за реализација на програмските активности во рамки на социјалниот клуб, како и активности за понатамошно идентификување на заинтересирани корисници, лица со интелектуална попреченост и нивните семејства. Беше остварена и средба со раководството на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и со ангажираното лице на која беа договорени понатамошните потребни чекори за реактивирање на оваа сервисна служба.

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Демир Хисар започна со работа во јуни 2026 година, со што за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства се создадоа нови можности за дружење, поддршка, развој на индивидуалните потенцијали и активно вклучување на лицата со интелектуална попреченост во животот на локалната заедница.

Дополнително, доколку се создадат соодветни услови, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да дејствува во насока на развој и воспоставување нови сервисни служби за поддршка на лицата со интелектуална попреченост во местото на живеење.



Препораки на Европската експертска група

# Деинституционализацијата како приоритет за човекови права и еднаквост

## Препораки на Европската експертска група за преод од институционална во поддршка во местото на живеење на ирското, литванското и грчкото претседателство со Советот на Европската Унија

Европската експертска група за преод од институционална во поддршка во местото на живеење (ЕЕГ) објави нов сет препораки за ирското, литванското и грчкото претседателство на Советот на Европската Унија. Препораките доаѓаат на почетокот на новата 18-месечна програма за претседателство и ги повикуваат трите земји да го направат преодот од институционална грижа во поддршка во местото на живеење клучен приоритет за човекови права, еднаквост и инклузија.

**Зошто е важна деинституционализацијата**

Низ цела Европска Унија, голем број деца, лица со попреченост, лица со проблеми со менталното здравје, лица бездомници и постари лица продолжуваат да живеат во институционални средини, и покрај долгогодишните политички обврски за самостојно живеење и вклучување во заедницата. **Проценките покажуваат дека околу 1,5 милиони лица остануваат во институционални средини низ цела ЕУ, вклучувајќи приближно 466.000 деца и повеќе од 900.000 возрасни со попреченост**, како и непознат, но значаен број лица бездомници.

Деинституционализацијата не е само реформа на социјалната политика. Таа е обврска за човекови права што произлегува од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, Конвенцијата на ОН за правата на детето, Европскиот столб за социјални права и пошироките европски заложби за еднаквост, учество и вклучување.

Преодот кон живеење во заедницата овозможува лицата да ги практикуваат своите права, да учествуваат во општеството, да ги одржуваат врските со семејството и со заедницата и да носат одлуки за сопствениот живот. Бидејќи ирското, литванското и грчкото претседателство (трите земји) ги ставаат човековите права, еднаквоста и социјалната инклузија меѓу своите приоритети, ЕЕГ ги охрабрува трите земји да ја признаат деинституционализацијата како суштинска компонента на овие обврски.

**Приоритетни активности**

ЕЕГ истакнува области каде што претседателствата можат да преземат акција. Тие вклучуваат поддршка на Алијансата на ЕУ за независен живот, осигурување дека идното финансирање од ЕУ помага во развојот на поддршка во местото на живеење, подобрување на мониторингот и одговорноста, вклучително и деинституционализација во процесот на Европски семестар, нејзино интегрирање низ различни политики на ЕУ и охрабрување на земјите да учат едни од други и да споделуваат добри практики.

**1. Поддршка на воспоставување цврста и амбициозна Алијанса на ЕУ за самостојно живеење**

Да се обезбеди Алијансата да промовира конкретен напредок кон системи за поддршка во местото на живеење, значајно учество на лица со животно искуство и репрезентативни организации, како и посилни механизми за одговорност.

**2. Да се осигури дека следната повеќегодишна финансиска рамка ќе ја поддржува деинституционализацијата**

Финансирањето од страна на ЕУ треба постојано да ја поддржува превенцијата од институционализација, развојот на сервисни служби во местото на живеење, пристапното домување и самостојното живеење, истовремено избегнувајќи инвестирање во институционални или сегрегирачки средини.

**3. Зајакнување на мониторингот и одговорноста**

Поддршка на развојот на механизми за индикатори и мониторинг што го мерат напредокот кон живеење во заедницата и социјална инклузија низ цела Европска унија.

**4. Промоција на деинституционализацијата преку Европскиот семестар и координација на социјалната политика**

Да се поттикнуваат земјите членки да ги опфатат институционализацијата, сегрегацијата и препреките за живеење во заедницата преку реформи на социјалните инвестиции, домување и сервисните служби за поддршка.

**5. Вклучување на деинституционализацијата во редовните текови на политиките на ЕУ**

Да се обезбеди дека политиките за попреченост, права на детето, ментално здравје, бездомништво, стареење, миграција и проширување постојано ја поддржуваат инклузијата во заедницата и почитувањето на индивидуалната автономија и избор. Да се олесни меѓусебното учење и да се промовира размена на добри практики помеѓу земјите членки како практичен придонес кон приоритетите на трите земји за заштита на основните права, промовирање на еднаквоста и зајакнување на социјалната инклузија.

**Заклучок**

ЕЕГ е подготвена да ги поддржи претседателствата на трите земји во унапредувањето на пристапите засновани на човекови права и во местото на живеење низ Европа. Веруваме дека деинституционализацијата нуди практичен патоказ за исполнување на заложбите на трите земји за еднаквост, учество, достоинство и човекови права за сите. Преку овие препораки, ЕЕГ има за цел да ги задржи самостојното живеење и вклучувањето во заедницата високо на агендата на ЕУ и да поттикне континуиран напредок кон системи за поддршка што им овозможуваат на луѓето да живеат, да учествуваат и да бидат вклучени во заедницата.

Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Забелешки на РЦПЛИП - ПОРАКА во однос на Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, од аспект на лица со интелектуална попреченост

Почнувајќи од 2000 година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА е активно вклучен во создавањето на услови за спроведување на реформскиот процес на деинституционализација во нашата држава, односно превенција од институционализација преку оформување на социјални сервисни служби за поддршка на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во местото на живеење.

РЦПЛИП - ПОРАКА е првата организација на лица со попреченост која започнува со креирање на социјални услуги за своите членови и во моментов има развиено мрежа од 6 социјални клубови и 5 дневни центри за адолесценти и возрасни лица со интелектуална попреченост. Дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА обезбедуваат поддршка на дневна основа, обука за усвојување и усовршување на вештини за самостојно живеење, работно-окупациони програми, образовни програми и социјални активности за лицата со интелектуална попреченост. Истовремено, дневните центри обезбедуваат поддршка на семејствата, преку опфаќање на нивните членови со интелектуална попреченост во еден период од денот, овозможувајќи на семејствата поуспешно семејно функционирање и можност за вработување на родителите, за зголемување на скромниот семеен буџет.

Во целиот процес на давање социјални услуги, РЦПЛИП – ПОРАКА се стекнува со значајни искуства и постигнување позитивни резултати кои се препознаени од меѓународни и домашни организации и институции, и за тоа е добитник на повеќе награди и признанија за квалитет на своите социјални услуги. Но, исто така, РЦПЛИП - ПОРАКА се соочува со големи предизвици во однос на одржливоста на својата мрежа на дневни центри и скоро четврт век ја застапува неопходноста од воспоставувањето на партнерски односи со државата во процесот на обезбедување сервисни служби, преку креирање на ефикасни механизми за плурализација на секторот на социјални услуги (вклучувајќи лиценцирање и финансирање на здруженијата кои нудат социјални услуги).

Во таа насока, во 2019 година, РЦПЛИП – ПОРАКА го поддржа носењето на Законот за социјална заштита, кој воведе позитивни новини и можности за вклучување на здруженијата како даватели на социјални услуги. Но за жал, подзаконските акти (конкретно правилникот за социјални услуги на дневен престој за лица со попреченост) кои ги регулираат нормативите и стандардите за добивање лиценца за дневен центар за возрасни лица со интелектуална попреченост, наместо да ги поттикнат и охрабрат здруженијата, истите го ограничуваат процесот на лиценцирање. Ова особено се однесува за условите кои се поставени во однос на просторните можности, опремата и кадрите кои се потребни за дневен центар за возрасни лица со интелектуална попреченост.

**1. Во однос на просторните можности** би сакале да напомeнеме дека дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА најчесто се оформени во општински простории кои се доделени на РЦПЛИП – ПОРАКА на долгорочно користење, и истите се реновирани и адаптирани со цел да одговорат на потребите за успешно функционирање на услугата. Но, некои објекти на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА не можат да исполнат дел од условите кои се зададени во правилникот. Дел од примерите за тоа се:

- Правилникот во член 29 предвидува дека дневниот центар треба да располага со сопствен паркинг простор, што едноставно не е можно, бидејќи како што напоменавме, РЦПЛИП – ПОРАКА просториите ги добива од општините и некои објекти немаат техничка можност за паркинг.
- Во член 31, правилникот ја одредува големината на просториите во фиксни квадратни метри, што не е соодветно, бидејќи големината треба да зависи од бројот






## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

на корисниците. Исто така, техничките карактеристики ограничуваат (на пр., подот да биде со еластична подлога, а во повеќето дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА подот е со гранитни плочки кои се лесни за одржување).

- Правилникот одредува дека административните и економско-техничките простории мора да бидат одвоени простории (член 35 и член 36), што едноставно не е технички изводливо во некои од постоечките објекти на дневните центри.

**2. Во однос на потребната опрема** (член 37 во правилникот), фиксното одредување на видот и бројот на опремата во дневните центри не е соодветно, бидејќи истото зависи од програмските содржини и од бројот на корисници (на пр., за различни работно-окупациони активности потребна е различна опрема. Исто така, одредувањето дека во трпезаријата треба да има 12 столици не е соодветно доколку има 20 корисници).

**3. Во однос на условот за бројот на кадри** кој е пропишан во правилникот, постои голема загриженост дека било кое здружение на граѓани би можел да го исполни. Причините за ова се следните:

- Во член 39, одредбата дека на секои шест корисници треба да се обезбеди еден стручен работник и еден негувател е несоодветна кога станува збор за дневни центри за возрасни лица со интелектуална попреченост, кои во дневните центри се стекнуваат со вештини за самостојно живеење (можеби за детска возраст се потребни негуватели). Во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА не се ангажирани негуватели, туку само стручни работници кои одговараат за група од 5 до 8 корисници, а бројот на корисници во една група зависи од можностите и потенцијалите на корисниците. Дополнително, обврската да се обезбедат негуватели, непотребно ја оптоварува буџетската рамка, односно речиси двојно ги зголемува финансиските средства кои се потребни за редовно функционирање на еден дневен центар.
- Во член 40, одредбата дека во центар за дневен престој за лица со попреченост треба да има и лице за чистење на просториите, како и дека во центар за дневен престој, во кој самостојно се приготвува храна за корисниците, треба да има и готвач, не соодветствува со



целта на програмските активности на дневните центри за возрасни лица со интелектуална попреченост чија основна функција е осамостојување на корисниците. Во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА, корисниците се обучуваат како да одржуваат хигиена во просториите и самостојно да подготвуваат оброци и да ракуваат со кујнски апарати.

**РЦПЛИП – ПОРАКА предлага да се спроведе ревизија на правилникот со вклучување на здруженија кои имаат искуство во давањето на дневни услуги, со цел истиот да овозможи:**

- **Минимум реално остварливи стандарди кои ќе бидат неопходни да се исполнат од страна на секое здружение.**
- **Поголема флексибилност на критериумите и можност за диференцијација според целни групи, особено кога станува збор за дневни центри за различни групи на лица со попреченост, бидејќи не е соодветно истите стандарди да важат за различни групи (на пример, за возрасни лица со интелектуална попреченост и за деца со церебрална парализа).**
- **Поголема насоченост кон квалитетот на процесот на давање на услугата, согласно современите рамки за квалитет на социјални услуги, преку воведување на одредби кои ќе го регулираат индивидуалниот пристап и личното планирање, употреба на современи методи и техники за работа, како и вклучувањето на корисниците во процесот на планирање и давање на услугата.**





Активности на ЕАСПД (преземен текст од www.easpd.eu)

# Документ за позиција

## Втора фаза од Стратегијата за правата на лицата со попреченост 2021 - 2030

Надоградувајќи се на она што најдобро функционираше во првата фаза од Стратегијата, предлозите на ЕАСПД за следната фаза се фокусираат на претворање на добрите практики во добри политики, а добрите политики во ефикасни системи за поддршка базирани на права низ цела Европа. Овој документ за позиција ги истакнува клучните области каде што Европската Унија може да ги гради своите постоечки силни страни, фокусирајќи се на мерки што ја унапредуваат автономијата, инклузијата и еднаквоста.

### Пристапност: овозможувач на права, автономија и еднаквост

**Предложени активности за асистивна технологија и пристапност**

- Развивање на Европска стратегија за асистивна технологија и пристапност: како прв чекор, спроведување на сеопфатна студија на ниво на ЕУ за асистивна технологија и пристапност, вклучувајќи ја употребата на вештачка интелигенција и технологии за социјална помош, улогата на асистивната технологија во обезбедувањето поддршка и различните модели на центри за асистивна технологија; мапирање на моменталната поддршка и идентификување на празнините, како и најдобрите политики и практики.
- Врз основа на резултатите: Да се развијат и пилотираат центри за асистивна технологија во земјите членки каде што тие недостасуваат или се недоволно развиени, со цел евентуално спроведување низ цела Европа; Да се воспостават национални стратегии во секоја земја членка, инспирирани од моделот на Данска, комбинирајќи јасна политичка насока, наменско финансирање и меѓусекторска соработка; Да се промовира интеграцијата на асистивна технологија во инклузивното образование, вработувањето и секојдневниот живот, обезбедувајќи пристапност и достапност за сите корисници.
- Поврзување на Стратегијата со финансирањето од ЕУ, вклучувајќи го тековниот и идниот буџет, за поддршка на имплементацијата, зајакнувањето капацитети и одржливоста, осигурувајќи дека Фондот за конкурентност експлицитно ги наведува овие приоритети.
- Развивање подгрупа на Платформата за лица со попреченост за поддршка на развојот на оваа иницијатива и во размената на ветувачки практики за да се осигури нејзино заедничко дизајнирање со сите релевантни засегнати страни.

### Уживање на правата

**Предложени активности за подобрување на слободата на движење за лицата со попреченост**

- Спроведување на наменска студија на ниво на ЕУ за проценка на бариерите за прекугранична мобилност, испитување на споредливоста и функционирањето на националните системи за проценка на попреченоста и евалуација на влијанието врз обезбедувањето и капацитетот на сервисните служби за поддршка.
- Промовирање на директива за споделена одговорност меѓу земјите членки за поддршка на лицата со попреченост за граѓаните на ЕУ кои се преселуваат долгорочно, вклучувајќи: преносливост на статусот на попреченост и бенефициите од земјата членка на потекло сè додека не се утврди престој и не се заврши нова проценка; мерки за олеснување или забрзување на процедурите за проценка и спречување на непотребни одложувања во признавањето;
- Воспоставување механизми на ниво на ЕУ, вклучително и финансирање, за компензација на разликите во надоместоците за попреченост и личните буџети меѓу земјите членки, осигурувајќи дека финансиската поддршка останува соодветна и пропорционална на трошоците за живот во земјата домаќин.

### Достоинствен квалитет на живеење и самостојно живеење

**Предложени активности насочени кон децата со попреченост**

- Развивање студија на ниво на ЕУ за националните системи, политики и практики за интервенција во раното детство, информирајќи го развојот на насоките на ЕУ за системите за ИРД за земјите членки и земјите пристапнички во форма на Препорака на Советот.
- Развивање студија на ниво на ЕУ за системи, политики и практики за инклузивно образование.
- Воспоставување структурирани процеси на взаемно учење што ги поврзуваат Платформата за попреченост и координаторите за Гаранцијата за детето за ИРД и образование, учењето меѓу земјите членки и чинителите, со цел да се идентификуваат ефективни пристапи и да се поддржат националните реформи во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

### Стратегија за преод од институции во инклузија во заедницата

**Предложени активности за Стратегијата на ЕУ за преод од институции во инклузија во заедницата**

- Обезбедување систематско собирање, ажурирање и јавно објавување на податоци од страна на ЕУ и земјите членки за бројот на лица со попреченост кои живеат во институции, за процесите на преод и за достапноста и квалитетот на поддршката во заедницата, со цел следење на трендовите и следење на напредокот со текот на времето.
- Обезбедување на следење на проектите за самостојно живеење со користење на средства од ЕУ, така што тие не ја продолжуваат институционалната грижа,

## Активности на ЕАСПД (преземен текст од www.easpd.eu)

вклучително и користењето на средства за развој надвор од ЕУ, и вградување на следењето во Европскиот семестар, социјалниот отворен метод на координација и процесите на Европските структурни и инвестициски фондови.

- Обезбедување техничка поддршка на националните и локалните власти за подготовка за преод надвор од институциите.
- Обезбедување обука и зајакнување капацитети за обезбедувачите на сервисни служби и локалните власти за да се движат кон поддршка насочена кон лицето и почитување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.
- Обезбедување и олеснување на финансиската поддршка за „трошоците за преод“.
- Започнување и поттикнување информативни кампањи за лицата со попреченост и за моменталните штитеници во институциите, за нивните опции и избори надвор од институционалната грижа, за да се привлечат лица да станат лични асистенти и да се подобрат условите за работа во секторот.
- Надоградување на наодите и насоките од Проектот за Модели на финансирање насочени кон корисниците на долгорочна грижа (UNIC) за да се обезбеди поддршка на јавните власти кои се подготвени да пилотираат системи за директно плаќање на лицата со попреченост за нивниот буџет за лична асистенција.
- Вградување на поддршка за семејствата и неформалните згрижувачи во планирањето и обезбедувањето на поддршка за лицата со попреченост, надоградувајќи се врз наодите од истражувањето за поддршка заснована на човековите права, зајакнување на семејствата и неформалните згрижувачи на лица со попреченост и врз Декларацијата од Торино.
- ЕАСПД е дел од Европската експертска група за преод од институционална кон грижа во местото на живеење и се придружува на нејзиниот повик Европската комисија да воспостави постојана „Размена на знаење во ЕУ за практиката на деинституционализација“, која треба да ги собере практичарите и властите, да обезбеди практична техничка помош поврзана со фондовите на ЕУ, да спроведува рецензии од колеги, да ги подобри податоците и да одржува практичен центар на знаење, усогласен со Европската стратегија за грижа (2022) и обврските на ЕУ според член 19 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и упатствата на Комитетот за 2022 година за деинституционализација и идните инструменти на ОН за постарите лица.
- Недостатокот на достапно со цена и пристапно домување е една од клучните бариери за зголемување на можностите за самостојното живеење. Како што е објаснето во неодамнешниот документ за позицијата и студијата на ЕАСПД за домувањето, следната фаза од Стратегијата за лицата со попреченост создава можност за меѓусекторска соработка со Планот на ЕУ за домување достапно со цена. Особено, предложената Стратегија за преод од институции кон вклучување во заедницата треба да вклучува цели за усогласување со клучните активности на Планот на ЕУ, а треба да се воспостави и структурна соработка помеѓу Платформата за лица со попреченост и Европската алијанса за домување, вклучително и учеството на организациите на лицата со попреченост и службите за поддршка.

### Зајакнување на сервисните служби во местото на живеење со специфична рамка за социјални сервисни служби на извонредност специфични за лицата со попреченост

**Предложени активности за Рамка на ЕУ за социјални сервисни служби на извонредност**

- Развивање студија за овозможување избор, контрола и квалитет во поддршката за лицата со попреченост: Спроведување студија за тоа како системите за поддршка можат да бидат структурирани за да гарантираат избор и контрола за лицата со попреченост, а воедно да обезбедат пристап до висококвалитетни сервисни служби. Студијата треба да ја испита компатибилноста на попреченоста со приходите и моделите каде што надоместоците и системите за поддршка не се намалени поради вработување, брачен статус или наследство, вклучувајќи примери од земјите членки на ЕУ и други земји. Исто така, треба да истражи како овие системи можат да ги зајакнат лицата да донесуваат одлуки за видот, обезбедувачот и поставеноста на нивната поддршка, поврзувајќи ја финансиската поддршка со пристапот до сервисни служби со висок квалитет, кои се наоѓаат во местото на живеење и се насочени кон лицето.
  - Студијата и рамката треба да се темелат на основните документи и чек листата на проектот на Високиот комесар за човекови права за еднаквост и квалитет во обезбедувањето поддршка за лицата со попреченост (EQUIP).
- Рамката треба да се развие како водич за социјалните сервисни служби за тоа што тие треба да работат за да им помогнат на лицата. Ова значи дека рамката треба да резултира со сервисни служби со сеопфатни принципи и индикатори што секоја алатка треба да ги вклучува со цел да се зголеми свеста на сервисните служби за тоа што е квалитет, а истовремено да се поддржат истите во континуирано подобрување.
- Фокус на резултатите и практиките насочени кон лицето: Рамката треба да обезбеди службите да го мерат своето влијание врз квалитетот на животот на поединците. Да се гради врз иновативни модели како што е Моделот за поддршка на квалитетот на животот за да се воспостават заеднички принципи и индикатори што ги проценуваат и структурните и процесно поврзаните аспекти на сервисните служби. Освен целта за следење, рамката во секоја земја членка треба да воспостави и механизам за жалби за да ги охрабри лицата што бараат поддршка да ги вратат своите права и да ја променат сервисната служба за поддршка што ја користат кога не се задоволни.
- Овозможување на законски и финансиски рамки и решавање на предизвиците со работната сила: Рамката треба да работи во рамките на поддржувачки законски и финансиски средини, да ја зајакне работната сила и

## Активности на ЕАСПД (преземен текст од www.easpd.eu)

да усвои пристап на копродукција воден од принципот „ништо за нас, без нас“.

- Обезбедување насоки од ЕУ за финансирање на квалитетни сервисни служби за лица со попреченост: Развивање насоки за јавните власти за тоа како да ја користат државната помош и јавните набавки за поддршка на висококвалитетни, насочени кон лицето, сервисни служби за лица со попреченост во местото на живеење, усогласени со принципите и индикаторите на Рамката на ЕУ за социјални сервисни служби на извонредност. Како дел од ова насоки, треба да се вклучи дел за подобрување на резултатите на пазарот на трудот за лицата со попреченост, адресирање на сложеноста на правилата, истакнување на ветувачките практики и покажување како општествено одговорните јавни набавки можат да поттикнат квалитетно, инклузивно и фер вработување.
- Пилот-имплементација низ земјите членки: Поврзување на Рамката со постојните иницијативи на ЕУ, како што е Доброволната рамка за социјални сервисни од општ интерес, и искористување на средствата од ЕУ за имплементација за да се промовира одржливост и извонредност во социјалните сервисни служби.
- Вклучување на чинителите и взаемно учење: Развивање на посебна подгрупа во рамките на Платформата за лица со попреченост за да се поддржи развојот на Рамката, олеснување на размена на ветувачки практики и обезбедување заеднички дизајн со сите чинители, вклучувајќи ги јавните и непрофитните обезбедувачи на сервисни служби, организациите на лицата со попреченост и организациите за права на семејствата и децата.
- Усогласување со Стратегијата на ЕУ против сиромаштија: Обезбедувањето пристап до висококвалитетни, пристапни и достапни со цена социјални сервисни служби придонесува за спречување и ублажување на сиромаштијата. Интегрирањето на Рамката со Стратегијата против сиромаштија ќе ги максимизира инвестициите во квалитетот на сервисните служби, одржливоста на работната сила и интегрираните системи за поддршка, претворајќи ги заедничките принципи во опипливи влијанија врз животот на лицата со попреченост и нивните семејства.

### Справување со јазот во вработувањето: Европска гаранција за вработување и вештини за лицата со попреченост

**Како дел од Гаранцијата, ЕАСПД поддржува неколку клучни принципи предложени од ЕДФ:**

- Треба да се отстрани ограничувањето на возраста, бидејќи бариерите за пристап до отворениот пазар на трудот се искусуваат во текот на целиот живот.
- Преку Гаранцијата треба да се обезбедат дополнителни ресурси за финансирање на разумно прилагодување на работното место, особено затоа што во повеќето земји членки на ЕУ, таквата поддршка е субвенционирана само за вработени со договори на неопределено време.
- Гаранцијата треба да им биде пристапна на лицата кои примаат надоместок за попреченост, дозволувајќи им да ги задржат своите бенефиции додека се на работа, обука или образование.

ЕАСПД, исто така, идентификува неколку клучни компоненти за Гаранцијата:

- Иницијативи за проучување и взаемно учење на ниво на цела ЕУ за испитување на политичките средини и практиките зад успешните системи за поддршка на вработувањето на лицата со попреченост. Ова треба да опфати еднакви работнички права и плати, субвенции (вклучувајќи надоместоци за плати и пакети за поддршка), разумни прилагодувања, системи за јавни набавки, поддржано вработување и транзиции од заштитни кон отворени пазари на труд. Наодите би ги воделе дискусиите за политики на национално ниво и би ги поддржале земјите членки во усвојувањето поефикасни и одржливи стратегии за вработување на лицата со попреченост.
- Развој на упатство за промовирање на поддржано вработување, црпејќи лекции од Пакетот за вработување на лицата со попреченост и Гаранцијата, обезбедувајќи практични алатки за креаторите на политики, обезбедувачите на сервисни служби и другите чинители низ цела Европа.
- Обезбедување дека Пакетот за вработување на лицата со попреченост има вистинско влијание со тоа што ќе се зајакне имплементацијата преку координирано подигнување на свеста, зајакнување на капацитети и размена на добри практики меѓу земјите членки, работодавачите, социјалните партнери, обезбедувачите на сервисни служби и организациите на лица со попреченост.
- Како дел од упатствата на ЕУ за финансирање на квалитетни сервисни служби за лица со попреченост, треба да се вклучи дел за тоа како да се користат јавните набавки и државната помош за поддршка на земјите членки во подобрувањето на резултатите на пазарот на трудот за лицата со попреченост. Упатството треба да се осврне на моменталната сложеност на правилата и нивното ограничено прифаќање, да ги истакне ветувачките практики и да покаже како општествено одговорните јавни набавки можат да поттикнат квалитетно, инклузивно и фер вработување.
- Да се развие подгрупа на Платформата за лица со попреченост за да се поддржи развојот на оваа иницијатива и да се разменуваат ветувачки практики.

# Активности на ЕАСПД (преземен текст од www.easpd.eu)

- За да се максимизира влијанието, активностите на Стратегијата во областа на вработувањето и вештините треба да бидат тесно усогласени со Стратегијата на Унијата на вештини, обезбедувајќи пристап до инклузивно образование, надградба на вештините и можности за доживотно учење за лицата со попреченост. Ова ќе ја поддржи и нивната вработливост и развојот на квалификувана, одржлива работна сила во социјалните сервисни служби, како што е нагласено во ставот на ЕАСПД. Во исто време, претстојниот Закон за квалитетни работни места, дел од Патоказот за квалитетни работни места, треба да се искористи, како што е нагласено во ставот на ЕАСПД, за да се промовира одржливо, инклузивно и добро платено вработување, особено во секторите за грижа и поддршка, со што се зајакнува врската помеѓу квалитетот на сервисните служби и значајното вработување.

## Еднаков пристап и недискриминација

**Деловна способност и поддржано донесување одлуки**

**Клучните предложени акции вклучуваат:**

- Студија на ниво на ЕУ за реформите на деловната способност: Анализирање на тоа како реформите ги надминале заедничките предизвици и идентификување на ефикасни пристапи за олеснување на нивното спроведување, вклучувајќи ги и добрите практики во поддржаното донесување одлуки.
- Насоки и препораки: Развивање на насоки на ниво на ЕУ за деловната способност и поддржаното донесување одлуки, заедно со препораки за земјите членки да го подобрат пристапот до правда.
- Подгрупа на Платформата за лица со попреченост: Воспоставување на посебна подгрупа за поддршка на развојот на оваа иницијатива и промовирање на размена на ветувачки практики низ земјите членки.

**Оживување на Директивата на ЕУ против дискриминација како алатка за заштита на правата на лицата со попреченост**

ЕАСПД ја повикува Комисијата да го обнови приоритетот на оваа долгоочекувана директива во втората фаза од Стратегијата. Усвојувањето и спроведувањето се од клучно значење за да се обезбеди дека лицата со попреченост можат целосно да ги остваруваат своите права во целото општество.

**Пристап до уметност, култура и спорт**

За да се изградат инклузивни културни и рекреативни екосистеми, ЕАСПД ги препорачува следниве насочени активности:

- Воспоставување одржливо, повеќегодишно финансирање за вклучување на лицата со попреченост во културата, уметноста и спортот. Комисијата треба да ги зајакне средствата од Креативна Европа, Еразмус+ и Европскиот социјален фонд+ за поддршка на инклузивни партнерства помеѓу организации во овие области и организациите за лица со попреченост, финансирање на адаптивна опрема и асистивна технологија и обезбедување на долгорочни, прекугранични иницијативи.
- Поттикнување на инклузија на лицата со попреченост во редовните текови на националните културни и спортски стратегии на земјите членки. Земјите членки треба да бидат поттикнати да вградат јасни цели за инклузија и механизми за координација во надлежните министерства, усогласувајќи ги националните политики со Стратегијата на ЕУ за правата на лицата со попреченост и да обезбедат дека лицата со попреченост можат да пристапат, да учествуваат и да ги следат професионалните патишта во уметноста, културата и спортот.

## Ефикасно спроведување на Стратегијата

Комисијата има неколку инструменти за да го поддржи преземањето на иницијативи за правата на лицата со попреченост, како што се програмите за финансирање на ЕУ, кои треба јасно да се дефинираат за да се обезбеди дека земјите членки можат да ги користат:

- Надградбата и преквалификацијата на работната сила во социјалните сервисни служби е клучна за постигнување на целите на Стратегијата. Програмата за финансирање Еразмус+ може да се користи за поддршка на вакви иницијативи.
- Фондовите на ЕУ, вклучувајќи го Европскиот социјален фонд+, Европскиот фонд за регионален развој и Инструментот за техничка поддршка, можат да се користат од страна на властите за поддршка на спроведувањето на Стратегијата. Ова треба да се задржи во новиот буџет на ЕУ.
- Важно е не само да се имаат доволно средства, туку и да се знае како можат да се користат овие средства. Потребни се сигурни и систематски механизми за мониторинг, но и практични примери, можности за размена на знаење и ветувачки практики преку активности за взаемно учење.
- Стратегија за дисеминација и експлоатација од Европската комисија може да поддржи зголемување на свеста за иницијативите меѓу земјите членки и другите релевантни чинители.
- Воспоставувањето агенции за координација во рамките на надлежните министерства може да ја поттикне соработката меѓу министерствата и меѓу централните и локалните власти, поддржувајќи и промовирајќи го преземањето на иницијативите, а воедно да го осигура обезбедувањето на висококвалитетни сервисни служби на национално ниво.
- Европската комисија треба да продолжи максимално да ги користи организациите на лицата со попреченост, како и европските мрежи на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, како извори за придонеси во политиките и алатки за да се во помогне во ширењето на добрите практики. Овие мрежи, вклучувајќи ја ЕАСПД и нејзините членки, имаат директен пристап до актуелните и реални случувања и можат да го премостат јазот помеѓу развојот на политиките и практичната имплементација.

# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп во изминатиот период се реализираа редовно и согласно со предвидената програма. Покрај редовните активности, се реализираа низа активности со соработниците на дневниот центар. На средината на јуни дел од корисниците зедоа учество на хуманитарната трка „Трка со срце“, организирана од Ротаракт клуб. Трката се одржа во централното подрачје на градот со цел собирање средства за набавка на електростимулатор наменет за лицата со попреченост. Електростимулаторот подоцна беше поставен во дневниот центар за лица со церебрална парализа, а истиот ќе биде достапен и за корисниците од дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп. На почетокот на јули, корисниците имаа можност да вежбаат со фитнес тренер во теретаната „Fitness 4 all“. Тренингот беше одлична можност за поттикнување здрави навики и споделување убава и позитивна енергија.

Корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп имаа можност да го посетат училиштето за странски јазици „Ѕвон“, кое е во сопственост на наставничката Вера Попоска. Средбата помина во едукативна и работна атмосфера, а корисниците имаа можност да видат како изгледа електронска табла и да пробаат истата да ја користат. По повод празникот Иванден, членови од Здружението за социјална и хуманитарна акција „Прranda“ го посетија дневниот центар. Традиционално, како и претходните години, донираа традиционално месени лепчиња – кравајчиња и разговараа за народните обичаи со кои се одбележува овој празник.

По повод Фестивалот на пивото, корисниците имаа можност да ги разгледаат штандовите за пиво и да се запознаат со начинот на работа, а потоа и да посетат еден од локалите во близина. Корисниците имаа можност самостојно да си порачаат напиток, а во пријатна и опуштена атмосфера дружејќи се и разговарајќи, да поминат убаво и квалитетно време заедно.






### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Во текот на изминатиот период, активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип непречено се реализираа. Редовно се реализираат и активностите од проектот „Вклучени и рамноправни“, преку кои корисниците добиваат можност да ги развиваат своите дигитални, когнитивни и практични вештини преку стекнување знаења и искуства во областа на 3Д моделирањето и работата со 3Д печатач.

Корисниците на дневниот центар, заедно со своите родители/старатели имаа можност да бидат дел од неколку културни и забавни настани што се организирани во рамки на Штипско културно лето. Корисниците присуствуваа на Фолклорна вечер, на која имаа можност да уживаат во македонската фолклорна традиција и музика. Дел од нив присуствуваа и на концертот на пејачот Давид Темелков, како и на настанот „Зелен караван“. Корисниците беа дел и од настанот одржан на плоштадот „Слобода“ во Штип, по повод одбележувањето на 35 години независност на нашата држава, под мотото „Силно светнал ден“, со што се овозможи нивно активно учество во културниот и забавен живот на градот.



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА





### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш редовно се реализираа согласно предвидената програма за работа. Покрај редовните активности, се реализираа и активности со соработници на дневниот центар, како и прошетки во околината на Радовиш и пошироко. на 16-ти јули корисниците го посетија Лесновскиот манастир во с. Лесново, Пробиштип, кој датира од 1330 година. Корисниците имаа можност да се запознаат со манастирскиот комплекс, со историјатот на манастирот и да поразговараат со игуменот на манастирот, кој им прочита и молитва за здравје. Прошетката заврши со посета на ресторанот Амбиент, каде семејството Мазневи ги почести корисниците со закуска. Превозот за оваа активност беше обезбеден од страна на општина Радовиш.

На крајот на јули, за корисниците на дневниот центар, ДПТУ „Бучим“ ДООЕЛ Радовиш организираше еднодневна прошетка во општина Конче. Корисниците имаа можност да го посетат манастирот „Св. Стефан“, и да слушнат за историјата на овој манастир од отец Гоце Младеновски. Исто така, корисниците имаа можност да прошетаат и низ селата Ињево и Дедино. На 23-ти јули, корисниците го посетија фризерскиот салон „Два цвета“, чиј сопственик е родител на корисник во дневниот центар. За време на посетата корисниците имаа можност да се запознаат со фризерскиот занает, со вештините потребни за различните техники во овој занает, но и самите да се обидат да пробаат дел од вештините за фарбање на коса, сушење со фен, како и да помогнат во салонот при метење и одржување на просторот. Секој корисник доби фризерски третман, односно миење на косата и шишање, а задоволството беше големо кај секој од нив, особено поради можноста да се разубават и подготват за летниот период.

Соработката со ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш продолжува и во овој период. Мобилна екипа го посети дневниот центар и направи систематски преглед на корисниците со цел да се види нивната моментална здравствена состојба.

Кон крајот на јули, во посета на дневниот центар беше семејството Георгиеви, кои се на привремена работа во Швајцарија. Тие имаа можност да се запознаат со активностите во дневниот центар, а воедно донираа овошје и сокови за освежување во топлите денови.

И оваа година, традиционално се реализираше работилницата за сукање на кори/јуфки заедно со родителите на корисниците. Корисниците внимателно го следеа процесот на замесување и сукање на корите, а помогнаа во простирањето на корите за сушење и расчистување на просторот по завршување со активноста.

### Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Изминатиот период активностите во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје непречено се реализираа согласно предвидената програма за работа. Редовно се реализираа активностите за развивање на когнитивните, социјалните и практичните вештини кај корисниците, како и низа други активности со различни соработници на двата дневни центри.





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА





Корисниците на дневните центри заедно со едукаторите активно учествуваа во градинарење во општествената градина – Бостание. Редовно се наводнуваа и уредуваа леите, а се собираа и плодовите од засадените култури. Во текот на август се започна и со подготовки за есенската сеидба. На 13-ти јули, екипа на Македонската Радио Телевизија, поточно емисијата Петтиот ангел направија репортажа за активностите што ги спроведуваат корисниците во оваа градина, како и за придобивките од нивното учество во овој вид на активности.

Во средината на јули, во просториите на дневниот центар за лица со церебрална парализа во Скопје беше организирана музичка работилница, дружење и релаксација на која присуствуваше група корисници од дневниот центар во Капиштец.

Група корисници од двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопјеземаа учество на хуманитарниот настан, инклузивна трка во рамки на „No finish line - Skopje 2026“, во организација на фондацијата „Ице Бегов“. Трката немаше натпреварувачки карактер, туку беше насочена кон заедништво, поддршка и можност секој учесник да биде дел од настанот според своите можности. Корисниците на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје дадоа свој придонес кон промоција на еднаквоста и инклузијата на лицата со попреченост, како во спортот така и во останатите општествени аспекти. Собраните средства беа наменети за донација во универзитетската клиника за респираторни заболувања кај децата „Козле“ во Скопје. Корисниците на дневниот центар во Капиштец на 11-ти септември го посетија Едукативниот и танцов центар „Телосфера“. Во пријатна и опуштена атмосфера, тие имаа можност да научат едноставни танцови чекори, да се раздвижат и да се релаксираат.

Во текот на изминатите месеци корисниците континуирано собираа и рециклираа пластична амбалажа на вендинг машини, со што активно придонесуваа кон развивање на еколошката свест и практикување на одговорен однос кон животната средина.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Изминатиов период, освен во месец август, активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола редовно се реализираа. Во рамки на програмските активности се реализираа креативни, едукативни и спортско-рекреативни активности, како и активности за развој на моториката кај корисниците. Креативните работилници опфатија цртање, боење и изработка на декоративни предмети од пластелин. Интересна активност за корисниците беше и работилницата на која користеа ЛЕГО коцки и правеа најразлични фигури од нив.

Спортско - рекреативните активности беа реализирани преку прошетки и престој во блискиот парк, лесни физички вежби, активности со топка и различни тимски игри. Преку овие активности се работеше на подобрување на рамнотежата, координацијата и физичката кондиција. Активностите на отворено истовремено овозможија поттикнување на социјализација и позитивно расположение кај корисниците, како и усвојување на здрави животни навики.





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА



Корисниците на социјалниот клуб имаа можност да присуствуваат на концерт кој се одржа во локалитетот Хераклеја и да го проследат настапот на познати македонски музички ѕвезди.

Изминатиов период се реализираше и прошетка на која корисниците на социјалниот клуб и нивните родители имаа можност да ги посетат Галичник и Маврово, Мавровското Езеро и Бигорскиот манастир. Оваа прошетка овозможи запознавање со природните убавини и културно-историското наследство на овие места.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Во текот на изминатиот период во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница се реализираа низа когнитивно-едукативни, практични и социјални активности. Активностите беа насочени кон одржување и унапредување на стекнатите знаења и вештини, развивање на самостојноста, комуникацијата, социјализацијата и практичните вештини. Особено внимание беше посветено на практичните вештини. Корисниците учествуваа во активности за одржување на личната хигиена, хигиената во клубот и домот, подготовка и сервирање овошје, како и активности за грижа за сопственото здравје. Воедно, преку разговори беа обработени теми поврзани со заштитата од високите температури, дехидратацијата и превенцијата и заштитата од пожари.

Изминатиот период се реализираа и неколку прошетки во околината на социјалниот клуб, а редовно се играа и друштвени игри и игри со улоги со што се поттикнуваше комуникацијата, соработката и создавањето позитивни односи меѓу корисниците.



Важен дел од месечните активности беа и средбите со родителите и нивното вклучување во заедничките активности. Преку размена на искуства се овозможи подобро следење на новостекнатите вештини и нивно поттикнување и во домашната средина.

Реализираните активности придонесоа за одржување и развивање на когнитивните, моторните, комуникациските и социјалните вештини на корисниците, со посебен акцент на нивната поголема самостојност и активно учество во секојдневниот живот.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија непречено ги спроведува активностите од предвидената програма за работа. Се реализираа разновидни креативни, едукативни, практични и социјални активности насочени кон развивање на самостојноста, концентрацијата, вниманието и социјалните вештини на корисниците.

Редовно се реализираа активности за стекнување и одржување на вештините за самостојно живеење. Корисниците подготвуваа кафе и чај, се спроведуваа и активности за правилно користење на прибор за јадење, послужување, миење садови и одржување на хигиената во кујната и работниот простор.

За подобрување на концентрацијата, вниманието и истрајноста се реализираа активности како „Среќно огледало“, редење сложувалки и различни задачи за





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА






забележување и фокус. Воедно, преку друштвени игри – пикадо, импровизирано куглање, карти и „Не лути се човече“ – се поттикнуваа комуникацијата, соработката, почитувањето на правила и меѓусебното дружење.

Посебно интересна беше караоке забавата, на која корисниците имаа можност да ги покажат своите пејачки способности, но и да уживаат во дружење, музика и забава. За реализацијата на активноста придонесе донацијата од звучник и два микрофони од Клубот на млади при ОО Црвен крст Гевгелија, во рамките на Програмата „Црвен крст во акција – Промоција на хумани вредности“ (ЦКА-ПХВ), за што упатуваме благодарност.

Во јули беше реализирана и еднодневна екскурзија до Стар Дојран, каде корисниците поминаа заедничко време покрај Дојранското Езеро, исполнето со дружење, игра и рекреација. Ваквите активности придонесуваат за социјална вклученост, стекнување нови искуства и активно учество во заедницата.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Демир Хисар

Активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Демир Хисар изминатиов период беа насочени кон постепено запознавање со корисниците, нивните навики, интереси и начини на комуникација, со цел подобро планирање и прилагодување на активностите. Во таа насока беа реализирани активности за меѓусебно запознавање преку разговори и прашања, како и креативни задачи (работа со хамер, цртање и лепење) со цел поттикнување чувство на добредојденост и припадност во групата.

Истовремено, се работеше на градење доверба и создавање позитивна и поддржувачка групна атмосфера. Преку различни социјални и едукативни игри, разговори и слушање музика се поттикнуваше комуникацијата, изразувањето и вклученоста на корисниците. Социјалните и едукативни игри беа насочени кон развивање на соработка, почитување на правила и поттикнување на тимски дух.

Во текот на активностите беа вклучени и едноставни задачи од секојдневното живеење, подготовка на кафе, како и креативни и опуштени активности (цртање, боење и дополнување на цртежи) со цел развивање на вниманието, моториката и креативноста. Активностите често беа проследени со слушање музика, при што се реализираа и игри поврзани со музика. Корисниците слушаа одредени песни и потоа изговараа зборови кои ги препознаваа од истите, со што се поттикнуваше нивната концентрација и меморија

Беше реализирана и кратка прошетка во околината на блискиот плоштад, со цел поттикнување на движење и ориентација, а по повод празникот Иванден, се реализираше работилница на која корисниците цртаа и боеја цветови, развивајќи ја својата креативност и фина моторика.

Посебен интерес кај корисниците предизвикаа друштвените игри, за време на кои корисниците поставуваа прашања од различни и интересни области, со што се поттикнуваше размислувањето, вниманието и меѓусебната комуникација. Во рамките на овие активности беше вклучена и играта „Не лути се човече“, која придонесе за развивање на трпеливост, почитување на правила и тимска интеракција.





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА





### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Изминатиов период во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица се реализираа разновидни едукативни, креативни и социјални активности, согласно предвидената програма за работа. Се разговараше за правилното однесување во топлите летни денови, односно соодветната облека, правилната исхрана и чување на храната, одржувањето на личната хигиена, како и начинот на разладување и престој во соодветни простории. Преку едукативни видеа и разговори, корисниците споделуваа идеи и желби за тоа како и каде би сакале да го поминат летниот одмор. Не беа изоставени нити креативните и практичните активности. Корисниците изработуваа ракотворби од хартија, како лепези и мини-базени, а преку сечење, лепење и други вежби ги развиваа фината моторика и координацијата. Во рамките на активностите се работеше и на стекнување вештини за самостојно живеење, одржување на личната и просторната хигиена, правилно користење и чување на облеката, следење инструкции и одржување ред во работниот простор.

Кон крајот на јуни, корисниците на социјалниот клуб зедоа учество на инклузивен настан во организација на ЛУ Библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица. Настанот беше посветен на промоција на три сликовници од авторот Денис Јанкуловски – Космонаутко на кој корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица читаа делови од сликовниците. Исто така, корисниците присуствуваа и на завршниот концерт на Летната школа за гитара „Џоко Ѓоргиев“, кој се одржа во градскиот парк кон крајот на јули.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци

Изминатиов период во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци се реализираа разновидни когнитивно-едукативни, практични, рекреативни и спортски активности, со активно вклучување на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.

Преку креативните работилници и практичните активности се поттикнуваа креативноста, концентрацијата и фината моторика, но и стекнувањето навики и вештини потребни за поголема самостојност. Корисниците учествуваа во активности за одржување на личната хигиена, самопослужување, како и средување и одржување на просториите и дворот во социјалниот клуб.

За поттикнување на дружењето и социјалната интеракција беа организирани забави со слушање музика и играње народни ора. Значајна беше и посетата од колешка од Охрид, која воедно е сестра на наш корисник. Средбата беше можност за дружење, разговор и размена на искуства, со што се поттикнува соработката и поврзаноста меѓу семејствата и лицата кои работат со нив.

Корисниците на социјалниот клуб имаа можност да присуствуваат и на фудбалски натпревари на ГФК Тиквеш. Посетата на спортски настани придонесува за активно поминување на слободното време, социјализација и вклучување во животот на локалната заедница.





ПОРАКА
ISSN 0350-5863

# Наша Страница

## Активности во едукативниот и танцов центар „Телосфера“

На иницијатива на г-ца Бисера Димчева, сопственичка на едукативниот и танцов центар „Телосфера“ се воспоставува нова соработка со дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје. Иницијалната активност се реализираше на 11-ти септември, кога корисниците на дневниот центар во Капиштец го посетија овој едукативен и танцов центар.





Во пријатна и опуштена атмосфера, тие имаа можност да научат едноставни танцови чекори, да се раздвижат и да уживаат во моменти на релаксација. Во следниот период се предвидени нови активности со едукативниот и танцов центар „Телосфера“, во кои ќе имаат можност да учествуваат корисниците на двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје.





Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади